**20210821266**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19, 111/19, 163/19, 250/19, 270/19, 75/20, 173/20, 219/20, 242/20 и 11/21), во член 4 точка 8 потточка 8.3, под Табелата бр. 42-в се додаваат зборовите:

„Дозволено отстапување од наведените мерки изнесува: за мерки до 50 cm ± 1 cm, над 50 cm± 1,5 cm.“

Член 2

Во член 22, зборовите „амблем „ЕДИНИЦА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ““ се заменуваат со зборовите „амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР““.

Точката 2 се менува и гласи:

**„2. Амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ се изработува во три варијанти и тоа: амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта, амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина и амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина.

**2.1 Амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

**2.1.1 Технички карактеристики на материјал за амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта се наведени во Табелата бр.306.

Табела бр. 306

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа | -Црна - C: 50, M: 20, Y: 20, K:100<br>-Портокалова - C: 10, M: 70, Y: 100, K: 0<br>-Бела - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 0 | |
| | | Знаме | -Црвена - C: 20 ,M: 100, Y: 100, K: 15<br>-Жолта - C: 0, M: 5, Y: 100, K: 0 | |
| | | Глава | -Црна (секаде) - C: 50, M: 20, Y: 20,K :100<br>-Портокалова (крзно) - C: 10, M: 70, Y: 100, K: 0<br>-Портокалова 2 (крзно) - C: 30, M: 70, Y: 100, K: 20<br>-Бела (крзно, очи, мустаќи) - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 0<br>-Зелена (очи) - C: 60, M: 20, Y: 80, K: 0<br>-Розева 1 (јазик) - C: 0, M: 80, Y: 30, K: 0<br>-Розева 2 (уста) - C: 5, M: 75, Y: 20, K: 0<br>-Розева 3 (уста, јазик) - C: 20, M: 100,Y: 60, K: 0<br>-Крем 1 (нос) - C: 16, M: 48, Y: 46, K: 0<br>-Крем 2 (нос) - C: 35, M: 52, Y: 51 ,K: 0<br>-Коска (заби) - C: 10, M: 5, Y: 20, K: 0 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | | |

**2.1.2 Крој на амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Амблемот на Специјална антитерористичка единица-Тигар во основна варијанта е во форма на круг исткаен на црна основа со дијаметар од 90 милиметри во кој се наоѓаат 3 концентрични кругови од кои првиот е на надворешната линија на амблемот и е со портокалова боја. Вториот круг е концентрично поставен на растојание од 11.5 милиметри во однос од првиот и е со иста боја како првиот круг. Третиот круг е концентрично поставен на растојание од 10,5 милиметри во однос од вториот и е со иста боја како претходните кругови. Надворешниот круг е со дебелина од 2 милиметри додека вториот и третиот се со дебелина од 1 милиметар. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг во горниот дел со големи букви во бела боја испишан е називот „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг, во средишниот дел во портокалова боја се испишани бројот „19“ на левата страна и бројот „81“ на десната страна што ја означува годината на формирање на единицата (1981). Во долниот дел на полето помеѓу првиот и вториот круг од лева и десна страна симетрично се поставени две молњи во бела боја со димензии: 19 милиметри хоризонтално и 29 милиметри вертикално, а помеѓу нив и долу централно поставено е државното знаме во боја (црвена-основа, жолта-сонце и краци) во благо закривена форма со широчина од 29 милиметри, а висината ја следи димензијата на полето. Во просторот помеѓу вториот и третиот круг во горниот дел со големи букви во бела боја испишан е називот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА“ а во долниот дел централно со големи букви во бела боја е испишан називот „ТИГАР“. Во полето што го формира третиот концентричен круг кој е со дијаметар 44 милиметри централно е поставена во боја глава од тигар со висина од 37 милиметри.

Елементите кои го сочинуваат амблемот ги имаат следните карактеристики:

Текст со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка). Буквите и бројките се со висина 4,3 милиметри, освен во зборот „ТИГАР“ каде се со висина од 4,8 милиметри.

**2.1.3 Мерки за амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Мерките за амблемот „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ во основна варијанта се наведени во Табелата бр. 307.

Табела бр. 307

| Мерки за амблем „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ во основна варијанта | |
|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | ГОЛЕМИНИ |
| Дијаметар на амблем | 90мм |
| Висина на апликација на глава на тигар | 37 мм |
| Дебелина на првиот (надворешен) круг | 2 мм |
| Дебелина на вториот круг | 1 мм |
| Дебелина на третиот круг | 1 мм |
| Висина на букви и бројки (освен за зборот ТИГАР) | 4,3 мм |
| Висина на букви за зборот ТИГАР | 4,8 мм |
| Ширина на поле помеѓу првиот и вториот круг и помеѓу вториот и третиот круг | 9.5 мм |
| Дијаметар на полето што го формира третиот круг (централно поле) | 44 мм |
| Димензии на молњи(хоризонтално и вертикално) | 19 мм и 29 мм |
| Димензии на знаме (широчина и височина) | 29мм и 9,5 мм |

**2.1.4 Скица и фотографија на амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 251, а изгледот на амблемот„ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ во основна варијанта е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 252, кои се составен дел на овој правилник.

**2.2 Амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина**

**2.2.1 Технички карактеристики на материјал за амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина се наведени во Табелата бр. 308.

Табела бр. 308

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа со знаме | -Црна - C: 50,M: 20,Y: 20,K:100<br>-Сива 1 - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 75<br>-Сива 2 - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 50 | |
| | | Глава | - Црна (секаде) - C: 50, M: 20, Y: 20, K:100<br>-Сива 1 (крзно темен дел) - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 75<br>-Сива 2 (крзно светол дел, мустаќи, уши) - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 50<br>-Сива 3 (заби) - C: 10, M: 9, Y: 9, K: 0<br>-Сива 4 (светли шари, нос, очи, јазик) - C: 27, M: 24, Y: 24, K: 0 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | | |

**2.2.2 Крој на амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина**

Амблемот на Специјална антитерористичка единица-Тигар во урбана варијанта е во форма на круг исткаен на црна основа со дијаметар од 90 милиметри во кој се наоѓаат 3 концентрични кругови од кои првиот е на надворешната линија на амблемот и е со сива боја (сива 1). Вториот круг е концентрично поставен на растојание од 11.5 милиметри во однос од првиот и е со иста боја како првиот круг. Третиот круг е концентрично поставен на растојание од 10,5 милиметри во однос од вториот и е со иста боја како претходните кругови. Надворешниот круг е со дебелина од 2 милиметри додека вториот и третиот се со дебелина од 1 милиметар. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг во горниот дел со големи букви во сива боја (сива 2) испишан е називот „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг, во средишниот дел во сива боја (сива1) се испишани бројот „19“ на левата страна и бројот „81“ на десната страна што ја означува годината на формирање на единицата (1981). Во долниот дел на полето помеѓу првиот и вториот круг од лева и десна страна симетрично се поставени две молњи во сива боја (сива2) со димензии : 19 милиметри хоризонтално и 29 милиметри вертикално , а помеѓу нив и долу централно поставено е државното знаме во сива боја (сива 1-основа и сива 2-сонце и краци) во благо закривена форма со широчина од 29 милиметри а висината ја следи димензијата на полето. Во просторот помеѓу вториот и третиот круг во горниот дел со големи букви во сива боја (сива 2) испишан е називот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА“ а во долниот дел централно со големи букви во сива боја (сива 2) е испишан називот „ТИГАР“. Во полето што го формира третиот концентричен круг кој е со дијаметар 44 милиметри централно е поставена во комбинации од црна и нијанси на сива боја, глава од тигар со висина од 37 милиметри.

Елементите кои го сочинуваат амблемот ги имаат следните карактеристики:

Текст со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка). Буквите и бројките се со висина 4,3 милиметри, освен во зборот „ТИГАР“ каде се со висина од 4,8 милиметри.

**2.2.3 Мерки за амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина**

Мерките за амблемот „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ за урбана средина се наведени во потточка 2.1.3 од овој член, во Табела бр.307.

**2.2.4 Скица и фотографија на амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина**

Амблемот „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ за урбана средина се изработува според скица која е дадена во Прилог бр.253, а изгледот на амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 254, кои се составен дел на овој правилник.

**2.3 Амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина**

**2.3.1 Технички карактеристики на материјалот за амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина се наведени во Табелата бр. 308-а.

Табела бр. 308-а

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа со знаме | -Кафеава 1(букви, бројки, линии, молњи, основа на знаме,) - C: 0, M: 19, Y: 32, K:69<br>- Кафеава 2(основа на амблем) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 45<br>- Кафеава 3( сонце и краци) - C: 0, M: 7, Y: 14, K: 29 | |
| | | Глава | -Кафеава 1(темни шари) - C: 0,M: 19,Y: 32, K:69<br>- Кафеава 2(горен дел и сенки на брада) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 45<br>-Кафеава 3(брада, околу очи и меѓу уши) - C: 0, M: 7, Y: 14, K: 29<br>-Кафеава 4(заби и очи) - C: 0, M: 7, Y: 12, K: 19<br>-Кафена 5(внатрешност на уста и јазик) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 57 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-текстуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | | |

**2.3.2 Крој на амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина**

Амблемот на Специјална антитерористичка единица-Тигар во рурална варијанта е во форма на круг исткаен во нијанса на кафеава боја (кафеава 2) со дијаметар од 90 милиметри во кој се наоѓаат 3 концентрични кругови од кои првиот е на надворешната линија на амблемот и е со кафева боја (кафеава 1). Вториот круг е концентрично поставен на растојание од 11.5 милиметри во однос од првиот и е со иста боја како првиот круг. Третиот круг е концентрично поставен на растојание од 10,5 милиметри во однос од вториот и е со иста боја како претходните кругови. Надворешниот круг е со дебелина од 2 милиметри додека вториот и третиот се со дебелина од 1 милиметар. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг во горниот дел со големи букви во кафеава боја (кафеава 1) испишан е називот „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг, во средишниот дел во кафеава боја (кафеава 1) се испишани бројот „19“ на левата страна и бројот „81“ на десната страна што ја означува годината на формирање на единицата (1981). Во долниот дел на полето помеѓу првиот и вториот круг од лева и десна страна симетрично се поставени две молњи во кафеава боја (кафеава 1) со димензии : 19 милиметри хоризонтално и 29 милиметри вертикално , а помеѓу нив и долу централно поставено е државното знаме во кафеава боја (кафеава 1-основа и кафеава 3 -сонце и краци) во благо закривена форма со широчина од 29 милиметри, а висината ја следи димензијата на полето. Во просторот помеѓу вториот и третиот круг во горниот дел со големи букви во кафеава боја (кафеава1) испишан е називот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА“ а во долниот дел централно со големи букви во кафеава боја (кафеава 1) е испишан називот „ТИГАР“. Во полето што го формира третиот концентричен круг кој е со дијаметар 44 милиметри централно е поставена во комбинации од кафена и нијанси на кафеава боја, глава од тигар со висина од 37 милиметри.

Елементите кои го сочинуваат амблемот ги имаат следните карактеристики:

Текст со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка). Буквите и бројките се со висина 4,3 милиметри, освен во зборот „ТИГАР“ каде се со висина од 4,8 милиметри.

**2.3.3 Мерки за амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина**

Мерките за амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина се наведени во потточка 2.1.3 од овој член, во Табела бр. 307.

**2.3.4 Скица и фотографија на амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина**

Амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина се изработува според скица која е дадена во Прилог бр.253-а, а изгледот на амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 254-а, кои се составен дел на овој правилник.“

Во точка 9 потточка 9.1 во потточката 9.1.2 зборовите „дијаметар од 25 мм“ се заменуваат со зборовите „дијаметар од 50 мм“, зборот „венец“ се заменува со зборот „ортома“, зборовите „ширина од 1 мм“ се заменуваат со зборовите „ширина од 1,6 мм“, зборовите „одвоен од надворешниот прстен“ се бришат, а зборовите „ширина од 2 мм“ се заменуваат со зборовите „ширина од 0,5 мм“.

Во потточка 9.1.3 Табелата бр. 323 се заменува со нова Табела бр. 323, која гласи:

„Табела бр. 323

| Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ | | |
|---|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | | ГОЛЕМИНИ |
| Надворешен дијаматар на амблем | | 50 mm |
| Големина на букви „**ЕИП**“ | Фонт | ARIAL 51 pt bold |
| | Растојание на букви | 0.0 % |
| Големина на букви „**POLICE**“ | Фонт | ARIAL 24,8 pt normal |
| | Растојание на букви | 0.0% |
| | Растојание на букви | 0.0% |

“

Потточката 9.4 се менува и гласи:

**„9.4 Амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ се изработува во три варијанти и тоа: амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта, амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ за урбана средина и амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина.

**9.4.1 Амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ во основна варијанта**

**9.4.1.1 Технички карактеристики на материјал за амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта се наведени во Табелата бр. 328.

Табела бр.328

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа | -Црна - C: 50, M: 20, Y: 20, K:100<br>-Портокалова - C: 10, M: 70, Y: 100, K: 0 | |
| | | Глава | -Црна (секаде) - C: 50, M: 20, Y: 20,K :100<br>-Портокалова (крзно) - C: 10, M: 70, Y: 100, K: 0<br>-Портокалова 2 (крзно) - C: 30, M: 70, Y: 100, K: 20<br>-Бела (крзно, очи, мустаќи) - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 0<br>-Зелена (очи) - C: 60, M: 20, Y: 80, K: 0<br>-Розева 1 (јазик) - C: 0, M: 80, Y: 30, K: 0<br>-Розева 2 (уста) - C: 5, M: 75, Y: 20, K: 0<br>-Розева 3 (уста, јазик) - C: 20, M: 100,Y: 60, K: 0<br>-Крем 1 (нос) - C: 16, M: 48, Y: 46, K: 0<br>-Крем 2 (нос) - C: 35, M: 52, Y: 51 ,K: 0<br>-Коска (заби) - C: 10, M: 5, Y: 20, K: 0 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | | |

**9.4.1.2 Крој на амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта е во форма на круг исткаен на црна основа со дијаметар од 50 милиметри. Надворешната линија на амблемот е во портокалова боја со дебелина од 2 милиметри, дијаметарот на внатрешната површина е 46 милиметри. Во внатрешноста централно е сместена апликација на глава на тигар со висина од 35 милиметри и ширина 34 милиметри. Апликацијата на главата на тигар е во боја.

**9.4.1.3 Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Мерките за амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта се наведени во Табелата бр.329

Табела бр.329

| Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии за „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР "во основна варијанта | |
|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | ГОЛЕМИНИ |
| Дијаметар на амблем | 50мм |
| Димензии на апликација на глава на тигар: висина и ширина | 35 мм и 34 мм |
| Позиција на глава на тигар | централно |
| Дебелина на линија од надворешен круг | 2 мм |
| Димензии на полето на внатрешна површина | 46 мм |

**9.4.1.4 Скица и фотографија на амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" во основна варијанта**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" во основна варијанта се изработува според скица која е дадена во Прилог бр.277, а изгледот на амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" во основна варијанта е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр.278, кои се составен дел на овој правилник.

**9.4.2 Амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за урбана средина**

**9.4.2.1 Технички карактеристики на материјал за амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за урбана средина**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за урбана средина се наведени во Табелата бр.330.

Табела бр. 330

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа | -Црна - C: 50,M: 20,Y: 20,K:100<br>-Сива 1 - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 75 | |
| | | Глава | - Црна (секаде) - C: 50, M: 20, Y: 20, K:100<br>-Сива 1 (крзно темен дел) - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 75<br>-Сива 2 (крзно светол дел, мустаќи, уши) - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 50<br>-Сива 3 (заби) - C: 10, M: 9, Y: 9, K: 0<br>-Сива 4 (светли шари, нос, очи, јазик) - C: 27, M: 24, Y: 24, K: 0 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | | |

**9.4.2.2 Крој на амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за урбана средина**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР"за урбана средина е во форма на круг исткаен на црна основа со дијаметар од 50 милиметри. Надворешната линија на амблемот е во сива боја (сива 1) со дебелина од 2 милиметри, дијаметарот на внатрешната површина е 46 милиметри. Во внатрешноста централно е сместена апликација на глава на тигар со висина од 35 милиметри и ширина 34 милиметри. Апликацијата на главата на тигар е во нијанси на црна и сива боја.

**9.4.2.3 Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за урбана средина**

Мерките за амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР"за урбана средина се наведени во потточка 9.4.1.3 од овој член во Табелата бр. 329.

**9.4.2.4 Скица и фотографија на амблем во форма на круг со намалени димензии „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР "за урбана средина**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за урбана средина се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 279, а изгледот на амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за урбана средина е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 280, кои се составен дел на овој правилник.

**9.4.3 Амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за рурална средина**

**9.4.3.1 Технички карактеристики на материјал за амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за рурална средина**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР "за рурална средина се наведени во Табелата бр.330-а.

Табела бр. 330-а

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа | -Кафеава 1 (линии,) - C: 0, M: 19, Y: 32, K:69<br>- Кафеава 2 (основа на амблем) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 45 | |
| | | Глава | -Кафеава 1 (темни шари) - C: 0,M: 19,Y: 32, K:69<br>- Кафеава 2 (горен дел и сенки на брада) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 45<br>-Кафеава 3 (брада, околу очи и меѓу уши) - C: 0, M: 7, Y: 14, K: 29<br>-Кафеава 4 (заби и очи) - C: 0, M: 7, Y: 12, K: 19<br>-Кафена 5 (внатрешност на уста и јазик) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 57 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | | |

**9.4.3.2 Крој на амблем во форма на круг со намалени димензии за „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за рурална средина**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР"за рурална средина е во форма на круг исткаен на кафеава основа (кафеава 2) со дијаметар од 50 милиметри. Надворешната линија на амблемот е во кафеава боја (кафеава1) со дебелина од 2 милиметри, дијаметарот на внатрешната површина е 46 милиметри. Во внатрешноста централно е сместена апликација на глава на тигар со висина од 35 милиметри и ширина 34 милиметри. Апликацијата на главата на тигар е во нијанси на кафеава боја.

**9.4.3.3 Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии за „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР " за рурална средина**

Мерките за амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за рурална средина се наведени во потточка 9.4.1.3 од овој член во Табелата бр. 329.

**9.4.3.4 Скица и фотографија на амблем во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за рурална средина**

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за рурална средина се изработува според скица која е дадена во Прилог бр.279-а, а изгледот на амблемот во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР" за рурална средина е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 280-а, кои се составен дел на овој правилник."

Точката 14 се менува и гласи:

**„14 Метален амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР"**

**14.1 Технички карактеристики на материјал за метален амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР"**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР "се наведени во Табелата бр.345.

Табела бр.345

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа | -Темно сива (метал) | |
| 2 | Суровински состав на метален амблем | Легура на цинк (замак) галванизирана<br>Површински заштитена со легура на бакар и никел -патинирана | | |
| 3 | Опис на изработка | Излеано во рељефна 3Д форма | | |
| 4 | Механизам за фиксирање | -Систем на две наврткa и завртка М-3 | | |

**14.2 Форма и изработка на метален амблем во форма на глава од тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Металниот амблем во форма на глава од тигар со намалени димензии претставува рељефна 3Д форма со димензиии: висина 35 милиметри и широчина 34 милиметри, изработена по принцип на леење од легура на цинк (замак) галванизирана, површински заштитена со легура на бакар и никел –патинирана. Бојата на амблемот е сива без сјај. На задната страна е поставен систем за фиксирање составен од две навртки и завртка симетрично поставени (М-3).

**14.3 Мерки за метален амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Мерките за металниот амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ се наведени во Табелата бр. 346.

Табела бр.346

| Мерки за метален амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ | |
|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | ГОЛЕМИНИ |
| Висина на амблем | 35 мм |
| Широчина на амблем | 34 мм |
| Механизам за фиксирање | М 3 |

**14.4 Скица и фотографија на метален амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Металниот амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 299, а изгледот на металниот амблем во форма на глава на тигар со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “ е прикажан на фотографија која е дадена во Прилог бр.300, кои се составен дел на овој правилник.“

По точката 14, се додаваат две нови точки 15 и 16, кои гласат:

**„15. НАТПИС „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

**15.1 Технички карактеристики на материјал за натпис „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“-основна варијанта**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен натписот „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“ за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“се наведени во Табелата бр 345-а.

Табела бр.345-а

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | т.л.р. |
|---|---|---|---|
| 1 | Боја | -Црна - C: 50, M: 20, Y: 20, K:100<br>-Портокалова - C: 10, M: 70, Y: 100, K: 0<br>-Бела (текст)- C: 0, M: 0, Y: 0, K: 0 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | -Полиестер 100% | |

**15.1.1 Крој на натпис „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во форма на правоаголник во основна варијанта**

Натписот е во форма на правоаголник со димензии: висина 40 милиметри и ширина 90 милиметри. Обрабен со портокалова линија со дебелина од 2 милиметри на црна основа. Во средината на правоаголникот по широчина централно е поставена линија во портокалова боја со должина од 75,5 милиметри и дебелина од 1 милиметар, над која со големи букви во бела боја испишан е називот „САЕ-ТИГАР“ со висина на буквите од 8,5 милиметри и должина на текстот од 75,5 милиметри. Под линијата со големи букви во бела боја испишан е текстот „ПОЛИЦИЈА“со висина на буквите од 8,5 милиметри (буквата „Ц “-10 мм) и должина на текстот од 74 милиметри. Помеѓу текстот „САЕ-ТИГАР“ и „ПОЛИЦИЈА“ има растојание од 5,5 милиметри.

Текстот е со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка).

**15.1.2 Мерки за натписот „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во форма на правоаголник за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ во основна варијанта**

Мерките за натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во основна варијанта се наведени во Табелата бр 346-а.

Табела бр.346-а

| Мерки за натпис во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ | |
|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | ГОЛЕМИНИ |
| Висина на натпис | 40 мм |
| Широчина на натпис | 90 мм |
| Дебелина на надворешна линија | 2 мм |
| Дебелина на централна линија | 1 мм |
| Должина на централна линија | 75,5 мм |
| Висина на букви (освен буква Ц) | 8,5 мм |
| Висина на буква Ц | 10 мм |
| Растојание помеѓу текстови | 5,5 мм |
| Должина на текст „САЕ-ТИГАР“ | 75,5 мм |
| Должина на текст „ПОЛИЦИЈА“ | 74 мм |

**15.1.3 Скица и фотографија на натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во основна варијанта за„СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во основна варијанта за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 251 - а, а изгледот на натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во основна варијанта е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 252 - а, кои се составен дел на овој правилник.

**15.2 Натпис „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“- за урбана средина**

**15.2.1 Технички карактеристики на материјал за натпис „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“- за урбана средина**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен натписот „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“ за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина се наведени во Табелата бр.345-б.

Табела бр.345-б

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | т.л.р. |
|---|---|---|---|
| 1 | Боја | -Црна - C: 50,M: 20,Y: 20,K:100<br>-Сива 1 - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 75<br>-Сива 2 - C: 0, M: 0, Y: 0, K: 50 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | |

**15.2.2 Крој на натпис „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во форма на правоаголник за урбана средина**

Натписот е во форма на правоаголник со димензии: висина 40 милиметри и ширина 90 милиметри. Обрабен со сива линија (сива 1) со дебелина од 2 милиметри на црна основа. Во средината на правоаголникот по широчина централно е поставена линија во сива боја (сива 1) со должина од 75,5 милиметри и дебелина од 1 милиметар, над која со големи букви во сива боја (сива 2) испишан е називот „САЕ-ТИГАР“ со висина на буквите од 8,5 милиметри и должина на текстот од 75,5 милиметри. Под линијата со големи букви во сива (сива 2) боја испишан е текстот „ПОЛИЦИЈА“со висина на буквите од 8,5 милиметри (буквата „Ц “-10 мм) и должина на текстот од 74 милиметри. Помеѓу текстот „САЕ-ТИГАР“ и „ПОЛИЦИЈА“ има растојание од 5,5 милиметри.

Текстот е со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка).

**15.2.3 Мерки за натписот „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА во форма на правоаголник за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за урбана средина**

Мерките за натпис во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за урбана средина се наведени во потточка 15.1.2 од овој член во Табелата бр.346-а.

**15.2.4 Скица и фотографија на натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за урбана средина за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за урбана средина за „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 253 - б, а изгледот на натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за урбана средина е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 254 - б, кои се составен дел на овој правилник.

**15.3 Натпис „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“ за рурална средина**

**15.3.1 Технички карактеристики на материјал за натпис „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“ за рурална средина**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен натписот „САЕ-ТИГАР / ПОЛИЦИЈА“ за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина се наведени во Табелата бр.345-в.

Табела бр.345-в

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | т.л.р. |
|---|---|---|---|
| 1 | Боја | -Кафеава 1(букви, линии) - C: 0, M: 19, Y: 32, K:69<br>- Кафеава 2(основа на амблем) - C: 0, M: 9, Y: 28, K: 45 | |
| 2 | Суровински состав на ткаенина | Полиестер 100%<br>-фиксиран<br>-тектуриран<br>-твистиран со 120 ТПМ<br>-ткаен материјал со вткаена текстура | |
| 3 | Суровински состав на чичак(велкро) лента | Полиестер 100% | |

**15.3.2 Крој на натпис „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во форма на правоаголника за рурална средина**

Натписот е во форма на правоаголник со димензии: висина 40 милиметри и ширина 90 милиметри. Обрабен со кафеава линија (кафеава 1) со дебелина од 2 милиметри на кафеава основа ( Кафеава 2). Во средината на правоаголникот по широчина централно е поставена линија во кафеава ( Кафеава 1) со должина од 75,5 милиметри и дебелина од 1 милиметар, над која со големи букви во кафеава ( Кафеава 1) испишан е називот „САЕ-ТИГАР“ со висина на буквите од 8,5 милиметри и должина на текстот од 75,5 милиметри. Под линијата со големи букви во кафеава ( Кафеава 1 ) боја испишан е текстот „ПОЛИЦИЈА“со висина на буквите од 8,5 милиметри ( буквата „Ц “-10 мм) и должина на текстот од 74 милиметри. Помеѓу текстот „САЕ-ТИГАР“ и „ПОЛИЦИЈА“ има растојание од 5,5 милиметри.

Текстот е со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка).

**15.3.3 Мерки за натписот „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ во форма на правоаголник за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ за рурална средина**

Мерките за натпис во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за рурална средина се наведени во потточка 15.1.2 од овој член во Табелата бр.346-а.

**15.3.4 Скица и фотографија на натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за рурална средина за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за рурална средина за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 253 - в, а изгледот на натписот во форма на правоаголник „САЕ-ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“ за рурална средина е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 254 - в, кои се составен дел од овој правилник.

**16. Метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

**16.1 Технички карактеристики на материјал за метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработена металната јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ се наведени во Табелата бр. 345-г.

Табела Бр.345-г

| Ред Бр. | ПАРАМЕТРИ | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на материјал | | т.л.р. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Боја | Основа | -Темно сива (метал) | |
| 2 | Суровински состав на метален амблем | Легура на цинк (замак) галванизирана<br>Површински заштитена со легура на бакар и никел -патинирана | | |
| 3 | Опис на изработка | Излеано во рељефна 3Д форма и изгравирана | | |
| 4 | Механизам за фиксирање | -Систем на две игли со осигурувачи | | |

**16.2 Форма и изработка на метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Метална јубилејна значка на Специјална антитерористичка единица- е во форма на круг излеан од легура на цинк (замак) галванизирана, површински заштитена со легура на бакар и никел со дијаметар од 40 милиметри во кој се наоѓаат 3 концентрични кругови од кои првиот е на надворешната линија на значката. Вториот круг е концентрично поставен на растојание од 5 милиметри во однос од првиот. Третиот круг е концентрично поставен на растојание од 5 милиметри во однос од вториот.Полињата што ги формираат круговите се скалесто поставени. Второто поле е за еден милиметар повисоко од првото, а третото е за еден милиметар повисоко од второто. Во просторот помеѓу првиот и вториот круг во горниот дел рељефно се поставени ѕвезди со бројност од еден до шест.(во зависност од стажот во единицата, за секои пет години една звезда). Во просторот помеѓу првиот и вториот круг, во средишниот дел рељефно се испишани бројот „19“ на левата страна и бројот „81“ на десната страна што ја означува годината на формирање на единицата (1981). Во долниот дел на полето помеѓу првиот и вториот круг од лева и десна страна симетрично и рељефно се поставени две молњи со димензии: 8,5 милиметри хоризонтално и 13 милиметри вертикално , а помеѓу нив долу централно и рељефно поставено е државното знаме во благо закривена форма со широчина од 13 милиметри а висината ја следи димензијата на полето. Во просторот помеѓу вториот и третиот круг во горниот дел со големи букви рељефно е испишан називот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА“, а во долниот дел централно со големи букви рељефно е испишан називот „ТИГАР“. Во полето што го формира третиот концентричен круг кој е со дијаметар 20 милиметри централно е изгравирана глава од тигар со висина од 17 милиметри и ширина 16 милиметри.

Елементите кои го сочинуваат амблемот ги имаат следните карактеристики:
Текст со фонт „Russo one“ (кирилична поддршка). Броевите во надворешниот круг се со висина 2 милиметри, а буквите во внатрешниот круг се со висина 2 милиметри, освен во зборот „ТИГАР“ каде се со висина од 2,2 милиметри. Ѕвездите се со дијаметар 3,5 милиметри.
Значката е изработена по принцип на леење од легура на цинк (замак) галванизирана, површински заштитена со легура на бакар и никел –патинирана. Бојата на значката е сива без сјај. На задната страна е поставен систем за фиксирање составен од две игли со осигурувачи симетрично поставени.

**16.3 Мерки за метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Мерките за металената јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“, се наведени во Табела бр. 346-б.

Табела бр. 346-б

| Мерки за металена јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР “. | |
|---|---|
| ОПИС НА МЕРКАТА | ГОЛЕМИНИ |
| Дијаметар на значка | 40 мм |
| Широчина на надворешно поле | 5 мм |
| Широчина на внатрешно поле | 5 мм |
| Дијаметар на централно поле | 20 мм |
| Висина помеѓу полиња | 1 мм |
| Механизам за фиксирање | Игли и осигурувачи |
| Димензии на глава на тигар ( висина и ширина) | 17 мм и 16 мм |
| Димензии на молњи (хоризонтално и вертикално) | 8,5 мм и 13 мм |
| Димензии на знаме (ширина и висина) | 13 мм и 5 мм |
| Дијаметар на ѕвезда | 3,5 мм |

**16.4 Скица и фотографија на метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“**

Метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 299 - а до 299 - ѓ (за секои пет години служба во единицата по една ѕвезда на значката), а изгледот на метална јубилејна значка во форма на круг со намалени димензии за „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА-ТИГАР“ е прикажан на фотографија која е дадена во Прилог бр. 300 - а, кои се составен дел на овој правилник.“

Член 3

Прилозите бр. 251, 252, 253 и 254 се заменуваат со нови Прилози бр. 251, 252, 253 и 254, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.
По Прилогот бр. 251 се додава нов Прилог бр. 251-а, по Прилогот бр. 252 се додава нов Прилог бр. 252-а, по Прилогот бр. 253 се додаваат три нови прилози, Прилог бр. 253-а, Прилог бр. 253-б и Прилог бр. 253-в, а по Прилогот бр. 254 се додаваат три нови прилози, Прилог бр. 254-а, Прилог бр. 254-б и Прилог бр. 254-в, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.
Прилозите бр. 271 и 272 се заменуваат со нови Прилози бр. 271 и 272, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.
Прилозите бр. 277, 278, 279 и 280 се заменуваат со нови Прилози бр. 277, 278, 279 и 280, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.
По Прилогот бр. 279 се додава нов Прилог бр. 279-а, а по Прилогот бр. 280 се додава нов Прилог бр. 280-а, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.
Прилозите бр. 299 и 300 се заменуваат со нови Прилози бр. 299 и 300, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.
По Прилогот бр. 299 се додаваат шест нови прилози, Прилог бр. 299-а, Прилог бр. 299-б, Прилог бр. 299-в, Прилог бр. 299-г, Прилог бр. 299-д и Прилог бр. 299-ѓ, а по Прилогот бр. 300 се додава нов Прилог бр. 300-а, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 131-33313/1
6 април 2021 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

Прилог бр.251




Прилог бр.251-а




Прилог бр.252




Прилог бр 252-а




Прилог бр.253




Прилог бр.253-а




Прилог бр.253-б




Прилог бр.253-в



Прилог бр.254




Прилог бр.254-а




Прилог бр.254-б




Прилог бр.254-в




**Прилог бр.271**



**Прилог бр.272**




Прилог бр.277




Прилог бр.278



Прилог бр.279




Прилог бр.279-а




Прилог бр.280



Прилог бр.280-а



Прилог бр.299




Прилог бр.299-а




Прилог бр.299-б




Прилог бр.299-в




Прилог бр.299-г




Прилог бр.299-д




Прилог бр.299-ѓ



Прилог бр.300



Прилог бр.300-а

